**Средно училиште:** СЕПУГС " Васил Антевски-Дрен" – Скопје Јавна установа за средно стручно воспитание и образование

**Седиште и локација:** ул"Вера Јоциќ"  4, општина Кисела Вода-Скопје

**Основано од:** Собрание на град Скопје Одлука број: Судска регистрација-СРЕГ.бр.130/06 од 07.04.2006

**Верифицирано со:** 11-14/20 од 13.02.2006 година верификација за наставни планови и програми за економски техничар и правен техничар за економско правна и трговска струка., Наставен план за реформирано техничко образование од економско-правна и трговска струка во нашето училиште по решение бр.13-6550/1 од 11.06.2019 год од Министерството за образование и наука.

**Историјат на училиштето**

Средно економско правно училиште на град Скопје "Васил Антевски-Дрен" постои уште од 1913 година кога е формирано како двегодишно трговско училиште. Две години подоцна прераснува во Трговска академија во која школувањето се одвивало низ четири години. За време на окупацијата училиштето било претворено во Трговска гимназија во која школувањето траело пет години. По ослободувањето , во духот на општествените промени, училиштето било преименувано во Економски техникум, а подоцна станува Средно економско училиште "Борис Кидрич".Во 1963 година донесена е одлука на училиштето да му се додели и Средното управно училиште, па од учебната 1964/65 во склоп на Средното економско училиште" Борис Кидрич" постојат и паралелки од правната струка. Од 1980 година е сместено во модерна, мошне убава зграда, а од 1993 година го носи името на народниот херој Васил Антевски- Дрен.

**Нашата мисија**

Ученикот е центар на сите наши заложби и ангажирања. Посветени сме на младиот човек со желба од него да се создаде корисен граѓанин кој ќе ги знае своите права и одговорности.

**Нашата визија**

Да станеме моќно економско-правно училиште во Република Македонија, познато и признато во регионот и во Европа со високо квалитетно образование.

## ВОВЕД ВО ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СЕПУГС "ВАСИЛ АНТЕВСКИ ДРЕН"- СКОПЈЕ

Процесот на самоевалуацијата во нашето училиште се спроведе по четврти пат. Ова овозможи детална проценка на состојбата во најважните подрачја на работење на училиштето и во воспитно образовниот процес. Се открија приоритетите и врз база на нив се направи стратегија за развој на училиштето.

Во рамките на овој процес се направи скенирање на состојбите на седум витални подрачја за работата на училиштето, и тоа

- ✓ наставни планови и програми,
- ✓ постигање на учениците,
- ✓ учење и настава,
- ✓ поддршка на учениците,
- ✓ училишна клима,
- ✓ ресурси и управување и раководење.

Анализата се направи преку одговарање на прашалници, СВОТ анализи, спроведување на анкети, интервјуа, прегледување на документи. Од направената анализа беа издвоени силните и слабите страни во рамките на секое подрачје. Силните страни се издвоија како наши компаративни предности кои треба да ги искористиме за подобрување на позицијата на училиштето во окружувањето и усовршување на изведбата на воспитно образовниот процес, додека слабите страни се подрачја на кои треба допрва да се работи. Точното определување на слабите страни е од исклучителна важност бидејќи не води до формулирање на клучните приоритети и активностите кои треба да ги превземеме во иднина.

**Поважни силни страни кои беа констатирани се следните:**

- Транспаретно управување со училиштето
- Стручен наставен кадар
- Квалитетни и амбициозни ученици
- Солидна материјална основа за работа

**Како клучни слаби страни од кои произлегуваат идните приоритети и активности се следните:**

- Недоволна соработка меѓу предметните наставници
- Отсуство на план за стручно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници
- Недоволна ангажираност на стручните активи околу актуелни и перспективни состојби
- Недоволна и нередовна промоција на училиштето
- Недоволна материјално – техничка опременост на училиштето

**Идните активности и приоритети ќе се групираат во пет подрачја (5 стратешки цели) и тоа:**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1**

1. ***Унапредување на квалитетот на наставата како централен и најзначаен процес кој се одвива во училиштето***

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:**

1.1. Да се воведе истражување за ученичките искуства со наставата како релевантна евалуациска постапка во рамките на самоеваулацијата на училиштето, со користење на инструменти кои ќе гарантираат добри и доверливи повратни информации за квалитетот на учењето и наставата од ученичка перспектива

1.2.Континуирано да се спроведува колегијално набљудување на наставата- меѓусебен увид во наставата

1.3.Унапредување на меѓупредметната соработка со цел поквалитетна проектна и истражувачка настава,

1.4.Зголемена активност на стручните активи и организирање на заеднички состаноци на активите

1.5.Континуирано унапредување на работата со учениците со посебни потреби заради обезбедување на стручно оспособување

1.6.Унапредување на плановите и содржините за стручните екскурзии според критериуми за опфат на стручни содржини и локации релевантни за струката

1.7.Зајакнување на активностите и соработката помеѓу наставници, стручна служба, ученици и родители во врска со намалување на изостанувањето од редовна настава, посебно во 3 и 4 година

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2**

***2. Поттикнување на професионалниот развој на наставниците и стручно усовршување за:***

- настава насочена  кон ученикот ( промена на улогата на наставникот од предавач кон организатор, менаџер, ментор, инструктор и соработник, со воведување на проектна и истражувачка теоретска настава)
- реализација на современа и напредна практична настава
- јакнење на дигиталните компетенции и употреба на современи медиуми вклучени во наставата
- континуирано стекнување на актуелни знаења и вештини, посебно во соработка со локални бизниси

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:**

2.1. Поддршка на професионалниот развој на наставниците во насока на воведување пристап во наставата насочен кон ученикот (промена на улогата на наставникот од предавач кон организатор, менаџер, ментор, инструктор и соработник, со воведување на проектна и истражувачка теоретска настава)

2.2. Организирање на стручни усовршувања на наставниците според приоритетни теми и области

2. 3. Јакнење на дигиталните компетенции на наставникот

2.4. Организирање на стручно усовршување на наставниците во соработка со бизнис секторот

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3**

3. ***Унапредување на квалитетот на учиилишниот простор и опременоста***

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ**

3.1. Унапредување на опременост со дигитална технологија

3.2. Воведување кабинетска настава

3.3. Подобрување на работата на училишната библиотека во квалитативна и квантитативна смисла

3.4. Донесување Правилник за однесување и заштита на опремата во училиштето ( посебно за евиденција на користење и корисници)

3.5. Инсталирање на клима уреди, посебно во најсончевите училници

3.6. Згрижување на отпадот на еколошки начин

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4**

4. ***Градење на квалитетни партнерства со домашни и странски образовни установи, стопански субјекти и социјални партнери***

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ**

4.1. Изработка на план за соработка со домашни и странски образовни установи, стопански субјекти и социјални партнери, до 2025 година водејќи се од следните критериуми :

-Организации кои имаат позитивен интерес и мотивација за унапредување на образованието

-Организации кои имаат соодветни ресурси за соработка: знаење, искуство, опрема , но и финансиски способност во случај на кофинансирање на проекти

-Географско проширување на соработката и партнерствата

-Позитивни искуства од претходни соработки

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5**

***5. Промовирање на квалитетот на работата на училиштето со цел зголемување на угледот и привлечноста на стручното образование***

**РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ:**

5.1. Изработка на квалитетен ВЕБ сајт на училиштето и негово континуирано ажурирање

5.2. Ажурно информирање преку Инстаграм и ФБ страна на училиштето

5.3. Издавање на училишен весник

5.4. Учество на меѓу училишни натпревари, саеми и манифестации

5.5. Организирање на Отворени денови на училиштето, на крајот на наставната година и по други поводи ( значајни датуми и празници)

5.6. Зголемување на улогата на училишната заедница во промовирање на училиштето, преку ученички проекти и активности

# РАЗВОЕН ПЛАН

## Стратешки цели, инструменти, планирани активности и очекувани резултати

| Стратешки цели | Планирани активности | Инструменти за реализација на активностите | Очекувани резултати | Потребни ресурси | | | Мониторинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Унапредување на квалитетот на наставата како централен и најзначаен процес кој се одвива во училиштето | 1.1. Да се воведе истражување за ученичките искуства со наставата како релевантна евалуациска постапка во рамките на самоевалуацијата на училиштето, со користење на инструменти кои ќе гарантираат добри и доверливи повратни информации за квалитетот на учењето и наставата од ученичка перспектива<br><br>1.2.Континуирано да се спроведува колегијално набљудување на наставата-меѓусебен увид во наставата<br><br>1.3.Унапредување на меѓупредметната соработка со цел поквалитетна проектна и истражувачка настава,<br><br>1.4.Зголемена активност на стручните активи и организирање на заеднички состаноци на активите<br><br>1.5.Континуирано унапредување на работата со учениците со посебни потреби заради обезбедување на стручно оспособување | 1.1.1..Анкета изработена од Педагошко-психолошката служба, која ќе се спроведе кај сите ученици ( електронска или хартиена форма)<br><br>1.1.2.Извештај за резултатите од анкетата<br><br>1.1.3.Презентација на извештајот од страна на претставници/претседатели на активи пред Наставничкиот совет, на крајот на првото и второто полугодие<br><br>1.2.1.Меѓусебна посета на часови<br>1.2.2 Консултации заедничка изработка на разните видови планирања на наставата, посебно за учениците со посебни потреби | Истражувањето на ученичките искуства во наставата ќе осигура збирна проценка на учениците за предметите кои ги учат во училиштето. Преку анализа на резултатите од истражувањето ќе се осигураат насоки за промени и унапредување на наставниот процес, но и за професионален развој на наставниците како поединци и како колектив<br><br>Извештаи од резултатите на колегијалното набљудување, изработка на збирка со примери за подготовки на наставниците , што посебно може да биде од помош на приправниците во планирањето на наставата<br>Изработка на Протокол за | **Човечки ресурси**<br><br>Педагошко-психолошка служба<br><br>Претседатели и членови на Стручните активи | **Материјални ресурси**<br><br>Компјутери<br>Хартија<br>Тонери | **Финансиски ресурси**<br><br>Финансиски средства за покривање на трошоците за изработка на анкети, планови и Извештаи, според Буџетот на училиштето | Директор<br><br>Педагошко-психолошка служба<br><br>Претседатели на активи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.6.Унапредување на плановите и содржините за стручните екскурзии според критериуми за опфат на стручни содржини и локации релевантни за струката<br>1.7..Зајакнување на активностите и соработката помеѓу наставници, стручна служба, ученици и родители во врска со намалување на изостанувањето од редовна настава, посебно во 3 и 4 година | 1.3.1. Редовни консултативни средби на наставници кои предаваат исти или сродни предмети<br>1.3.2 Усогласување и размена на дидактички материјали во електронска или хартиена форма<br>1.3.3 Иницијативи за изработка на ученички проекти во кои се инкорпорирани меѓупредметните врски<br>1.4.1 Состаноци на стручните активи најмалку еднаш месечно<br>1.4.2 Изработка на месечни, полугодишни и годишни извештаи од страна на Претседателите на Активите за планираните и реализираните активности<br>1.5.1 Изработка на Акционен план за работа со ученици со посебни потреби<br>1.6.1 Изработка на Акционен план за реализација на екскурзии за наставниците и учениците спред критериуми кои опфаќаат стручни содржини и локации релевантни за струката и годината на изучување | поддршка на учениците со потешкотии во развојот<br><br>Размена на искуства, дефинирани клучни меѓупредметни корелативни врски и зголемена соработка помеѓу наставниците по различни предмети и подрачја во изведба на наставата<br><br>Изработени ученички проекти во кои се оживотворени меѓупредметните врски<br><br>Реализирани планови и содржини на стручни екскурзии спред критериуми кои опфаќаат стручни содржини и локации релевантни за струката и годината на изучување<br><br>Намалување на изостанувањето на учениците од редовната настава | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.7.1.Акционен план за континуирани активности на стручната служба, класните раководители и училишната заедница во правец на намалување на изостанувањето на учениците од настава | | | | | |
| 2.Поттикнување на професионалниот развој на наставниците и стручно усовршување за:<br>- настава насочена кон ученикот ( промена на | 2.1...Поддршка на професионалниот развој на наставниците во насока на воведување пристап во наставата насочен кон ученикот (промена на улогата на наставникот од предавач кон организатор, менаџер, ментор, инструктор и соработник, со воведување на проектна и истражувачка теоретска настава) | 2.1.1.Обуки за стручно усовршување на наставниците во контекст на нова дидактичка стратегија- настава насочена кон ученикот<br>2.1.2.Стручна литература за современата улога на наставникот | Изработени планови за професионален развој на наставниците , во соработка со стручната служба<br><br>Зголемување на уделот на нова дидактичка стратегија – настава насочена кон ученикот ( | Педагошко-психолошка служба<br><br>Надворешни стручни лица | Компјутери<br><br>Стручна литература од областа на психологија, педагогија и методика<br><br>Стручна литература | Финансиски средства за покривање на трошоците, според буџетот на училиштето<br><br>Донации од бизниси-партнери на училиштето | Директор<br><br>Педагошко-психолошка служба |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | улогата на наставникот од предавач кон организатор, менаџер, ментор, инструктор и соработник, со воведување на проектна и истражувачка теоретска настава)<br>- реализација на современа и напредна практична настава<br>- јакнење на дигиталните компетенции и употреба на современи медиуми вклучени во наставата<br>- континуирано стекнување на актуелни знаења и вештини, посебно во соработка со локални бизниси | 2.2.Организирање на стручни усовршувања на наставниците според приоритетни теми и области<br><br>2. 3.Јакнење на дигиталните компетенции на наставникот<br><br>2.4.Организирање на стручно усовршување на наставниците во соработка со бизнис секторот | 2.2.1 Обуки од страна на надворешни лица за зголемување на стручните компетенции на наставниците во областа на економијата и правото<br>2.3.1. Обуки на наставниците заради јакнење на нивните дигитални компетенции | промена на улогата на наставникот од предавач кон организатор, менаџер, ментор, инструктор и соработник, со воведување на проектна и истражувачка теоретска настава)<br><br>Унапредување на квалитетот на наставата според проценки на учениците<br><br>Унапредена настава со акцент на развој на практичните знаења и вештини кај ученикот<br><br>Подобар увид во потребите на пазарот на трудот, па според тоа и прилагодување на наставните содржини | | од обласа на ИКТ<br>Хартија<br><br>Печатар<br><br>Фотокопир<br><br>Тонер | | |
| 3 | Унапредувањ е на квалитетот на училишниот простор и опременоста | 3.1.Унапредување на опременост со дигитална технологија<br><br>3.2.Воведување кабинетска настава<br><br>3.3.Подобрување на работата на училишната библиотека во квалитативна и квантитативна смисла | 3.1.1 Обезбедување соодветни технички средства за примена на ИКТ во наставата и воннаствните активности<br>3.1.2 Каталог на дидактичка опрема и наставни помагала, според | Зголемување на обемот на примена на практични знаења<br><br>Опремена мултифункционална просторија за изведување на содржини програмирани од училиштето и | Сите наставници | Компјутери и друга ИТ опрема<br><br>Библиотечен фонд<br><br>Клима уреди<br><br>Корпи и контејнери за | Финансиски средства според Буџетот на училиштето<br><br>Донации | Директор<br><br>Одговорен наставник за училишната библиотека<br><br>Помошници директори |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.4.Донесување Правилник за однесување и заштита на опремата во училиштето ( посебно за евиденција на користење и корисници)<br><br>3.5.Инсталирање на клима уреди, посебно во најсончевите училници<br><br>3.6.Згрижување на отпадот на еколошки начин | кои на годишно ниво ќе се планира потребата за набавка на нови и уредно ќе се води евиденција за чување и одржување<br><br>3.2.1 План за реализација на кабинетска настава за редовна настава и воннаставни активности<br>3.3.1 План за работа на училишната библиотека3.2.Извештај за унапредувањето на работата на училишната библиотека во квантитативна и квалитативна смисла<br>3.4.1 Правилник за однесување и заштита на опремата во училиштето ( посебно за евиденција на користење и корисници )<br>3.5.1.Договор за набавка на клима-уреди<br>3.6.1. Брошури и плакати за еколошко третирање на отпадот<br>3.6.2. Соодветни материјални средства за еколошко одлагање на отпад | воннаставни активности<br><br>Современа библиотека<br><br>Подобрена микроклима во училишните простории во смисла на проветреност и температура<br><br>Истакнување на видливи места на правилата за работа и однесување<br><br>Промена и прилагодување на распоредот на седење во училницата, согласно новиот дидактички процес насочен кон ученикот ( менаџмент на просторот)<br><br>На видливи места во училиштето да се истакнат плакати со мисијата и визијата на училиштето , но и со различни мотивациски пораки<br><br>Подобрување на еколошкиот амбиент и навики ( селекција на отпад, правилно ракување со отпадот)<br><br>Изработен Каталог на дидактичка опрема и наставни помагала, според кои на годишно ниво ќе се планира потребата за набавка на нови и уредно ќе се води | | одложување на отпад | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | евиденција за чување и одржување | | | | |
| 4.Градење на квалитетни партнерства со домашни и странски образовни установи, стопански субјекти и социјални партнери | 4.1.Изработка на план за соработка со домашни и странски образовни установи, стопански субјекти и социјални партнери, до 2025год. водејќи се од следните критериуми :<br>-Организации кои имаат позитивен интерес и мотивација за унапредување на образованието<br>-Организации кои имаат соодветни ресурси за соработка: знаење, искуство, опрема , но и финансиски способност во случај на кофинансирање на проекти<br>-Географско проширување на соработката и партнерствата<br>-Позитивни искуства од претходни соработки | 4.1.1 План за соработка со компании и институции за реализација на Феријалната практика и Учење преку работа<br>4.1.2 Меморандум за соработка поединечно со секоја компанија и институција за соработка при реализација на Феријалната практика и Учење преку работа<br>4.1.3 План за соработка и заеднички проектни активности со организации од областа на социјалната заштита, во текот на редовната настава и како воннаставни активности<br>4.1.4 План за соработка и заеднички проектни активности со поединци и претставници од бизнис заедницата, во текот на реализација на редовната настава, посебно на часовите предвидени за вежби, како и воннаствните активности | Изработен и реализиран План за соработка<br><br>Потпишани договори или меморандуми за соработка поврзани со унапредување на курикулумот и развој на сите облици на учење темелено на работа<br><br>Реализирани проекти во партнерство со домашни и странски образовни установи, стопански субјекти и социјални партнери | Сите наставници | Хартија<br><br>Печатар<br><br>Фотокопир | Финансиски средства планирани во Буџетот на училиштето | Директор<br><br>Претседатели на стручни активи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4.1.5 План за соработка со стручни училишта од други држави, во регионот и пошироко<br>4.1.6 План за учество во ЕРАЗМУС проектите | | | | | |
| 5. Промовирање на квалитетот на работата на училиштето со цел зголемување на угледот и привлечноста на стручното образование | 5.1.Изработка на квалитетен ВЕБ сајт на училиштето и негово континуирано ажурирање<br><br>5.2.Ажурно информирање преку Инстаграм и ФБ страна на училиштето<br><br>5.3.Издавање на училишен весник<br><br>5.4.Учество на меѓучилишни натпревари, саеми и манифестации<br><br>5.5.Организирање на Отворени денови на училиштето, на крајот на наставната година и по други поводи ( значајни датуми и празници)<br><br>5.6.Зголемување на улогата на училишната заедница во промовирање на училиштето, преку ученички проекти и активности | 5.1.1 Договор со компанија која се занимава со ВЕБ дизајн<br><br>5.2.1 Формирање на тим кој ќе ги ажурира информациите поставени на ФБ и Инстаграм профилот на училиштето<br><br>5.3.1 Формирање на тим од професори кои ќе се грижат за изданијата на училишниот весник<br><br>5.4.1. Формирање на тим од професори којс ќе следи информации околу организирање на натпревари и други манифестации и ќе се грижи за вклучување на училиштето во истите<br>5.5.1.Формирање на тим од професори и ученици кои ќе ги планираат и реализираат активностите околу | Поголема присутност на училиштето во дигиталните медиуми<br><br>Месечни изданија на училишен весник во хартиена и електронска форма<br><br>Изработен План и Програма на училишната заедница за промотивни активности<br><br>Директна, физичка промоција на работата и успесите на училиштето преку Отворени денови<br><br>Афирмација на училиштето во локалната средина, но и на национално и меѓународно ниво<br><br>Зголемена комуникација меѓу наставниците | Сите наставници<br><br>Ученичка заедница | Компјутер и друга ИТ опрема<br><br>Хартија<br><br>Печатар<br><br>Тонер<br><br>Фотокопир | Финансиски средства според Буџетот на училиштето<br><br>Донации | Директор<br><br>Помошници на директорот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Отворените денови на училиштето 5.6.1 План за работа на училишна заедница | | | | | |

Претседател на Училишен одбор,

---------------------------------------------------------------------

Маргарита Поповска Костадиноска